СОЈУЗ НА СТОПАНСКИ
КОМОРИ НА МАКЕДОНИЈА
ВОДЕЧКА МАКЕДОНСКА ДЕЛОВНА МРЕЖА

| |
|---|
| 0302-128-1/18 |
| Скопје, 23.11.2018 |

**До: Министерство за финансии**
**ул. Даме Груев бр. 12**
**1000 Скопје, Република Македонија**

**За: г. Драган Тевдовски, министер**

**Предмет: Мислење за Предлог на Закон за данокот на личен доход**

Почитуван г. Тевдовски,

Би сакале да искажеме благодарност за досегашната соработка која се надеваме дека поуспешно ќе ја спроведуваме во иднина.

Во оваа насока, Ве информираме дека согласно објавениот Предлог на Закон за данокот на личен доход на Единствениот национален електронски регистар на прописи на Република Македонија (ЕНЕР), Сојуз на стопански комори на Македонија спроведе консултации со компаниите членови и по темелно разгледување доставуваме мислење по Предлог на Законот за данокот на личен доход.

**Мислење:**

Предлог Законот за данокот на личен доход беше објавен на ЕНЕР на 08.11.2018 година и согласно предвидените завршни одредби, истиот ќе започне со примена од 01.01.2019 година. Сметаме дека временски период кој е помал од 60 дена во целост не е соодветен и доволен за разгледување на нов закон кој дополнително е од голема важност за стопанството, но и граѓаните. Укажуваме дека подготовка на нова регулатива неопходно е да биде направена врз основа на остварени консултации со релевантни засегнати страни, што не беше случај со новиот закон за данок од личен доход.

Врз основа на стратешките определби на Република Македонија за европска интеграција, од исклучителна важност е да се следат правилата и стандардите на Европската Унија и во таа насока согласно препораките на Советот на Европа, во процесот на промена на законска регулатива потребно е да се вклучени сите релевантни засегнати страни. Покрај невклученоста на засегнатите страни во подготовката на предлог законот, изостанува и одржување на јавни расправи во рамки на кои присутните ќе се запознаат со предложените измени и имаат можност да коментираат и придонесат за унапредување на предложеното решение.

Врз основа на мислењата од реалниот сектор, најголем број од стопанските субјекти не се целосно запознаени со новите обврски и зголемени трошоци кои ги предвидува предлог законот, а истите ќе бидат негови имплементатори. Во процедурата за донесување на ново законско решение примарно е целокупната јавност да биде запознаена со истото, а особено со правата и обврските кои произлегуваат. Недостатокот од наведеното единствено води кон негативни ефекти кои не се во интерес на ниедна страна во процесот.

Спроведувањето на даночни реформи со измена на регулативата ќе има позитивен ефект единствено доколку е остварено врз основа на воспоставена комуникација низ јавно приватен дијалог и инклузија на релевантните страни во целиот процес. Во подготовката на Предлог Законот за данокот на личен доход евидентно не беа вклучени засегнатите страни за консултации, а по неговото објавување оставен е простор помал од 60 дена за информирање, коментирање, донесување и отпочнување со примена, процес за кој постоечката постапка без формална јавна расправа не е соодветна ниту доволна за донесување на квалитетно законско решение.

Врз основа на се наведено, сметаме дека неопходно е одложување на донесувањето на Предлог Законот за данокот на личен доход и воспоставување на дијалог преку формални јавни консултации преку воспоставениот механизам за јавно приватно партнерство, врз основа на кое ќе се утврдат соодветни предлози кои ќе ја остварат целта на законодавецот, но истовремено ќе бидат и во интерес на стопанството и граѓаните.

За сите дополнителни информации, Ве молиме да нè контактирате на тел: 02 30 91 440 или на е-маил: info@chamber.mk, контакт лице: Маја Савеска.

Срдечно Ве поздравуваме.

Со почит,

СОЈУЗ НА СТОПАНСКИ КОМОРИ НА МАКЕДОНИЈА ВОДЕЧКА МАКЕДОНСКА ДЕЛОВНА МРЕЖА • Скопје •

**Александар Зарков**
Извршен директор
Сојуз на стопански комори на Македонија

*Подготвил:* ________
*Одобрил:* ________